**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4781 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Третиот извештај од мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител се однесува на периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година и опфаќа десет изданија на Дневникот во 19 часот и седум на Бизнис вестите, кои не се емитуваат во деновите од викендот.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:14:10 | 5,36 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:37:43 | 14,26 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:44 | 0,66 % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:44 | 0,66 % |
| СДСМ | 00:35:16 | 13,33 % |
| Влада на РМ | 00:45:33 | 17,22 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:20 | 5,42 % |
| Други субјекти | 00:35:49 | 13,54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:03 | 7,96 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:58 | 0,74 % |
| Претседател на РМ | 00:06:22 | 2,41 % |
| Собрание на РМ | 00:03:05 | 1,17 % |
| Локална самоуправа | 00:08:08 | 3,07 % |
| Без субјекти | 00:09:05 | 3,43 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:49 | 0,31 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:21 | 2,40 % |
| ГДОМ | 00:01:15 | 0,47 % |
| Судство | 00:04:51 | 1,83 % |
| Шарена револуција | 00:00:29 | 0,18 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:21 | 1,27 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:30 | 0,19 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:08 | 0,43 % |
| Граѓански сектор | 00:03:26 | 1,30 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:26 | 0,92 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:41 | 0,26 % |
| Привремена комисија | 00:02:28 | 0,93 % |
| АРМ | 00:00:47 | 0,30 % |
| | **Вкупно: 04:24:32** | **100 %** |

Од вкупно 5 часа и 33 секунди, колку што се анализирани, 4 часа 24 минути и 32 секунди се претежно информативни жанрови - извештаи, вести, изјави, интервјуа (Табела 1), а 36 минути и 1 секунда се осврти и коментари.

Временски најприсутни се прилозите организирани околу Владата – редовни активности во смисла на учество на меѓународни и домашни средби и конференции, активности на МВР, но и активности чија цел е да се промовираат проектите и резултатите од политиките на власта во сферата на образованието, здравството, патната инфраструктура, армијата и сл. Следуваат, со речиси иста застапеност, ВМРО ДПМНЕ, „другите субјекти" и СДСМ. Носителите на дејството, кои методолошки се категоризирани како „други субјекти", се: адвокати, граѓани, ФФМ, МОК, ЗНМ, новинари, НБРМ, ЕВН Македонија, Бизнис старт ап центар, Туристички кластер, СОНК, Организација на работодавачи на Македонија, ХОТАМ, Здружението на македонски вина, Здружение на инженери за намалување на бројот на жртви во сообраќајот, автор на книга, кустос и историчар, туристички работници, Комисијата за заштита на слободен пристап до информации, ССК, Коста Крпач, БЕГ, АВМУ, ЗАМП, медиуми, Македонски Телеком, универзитети, Џиуџицу федерацијата на РМ, Лукоил Македонија, Маја Иванова, сопруга на претседателот Иванов и др.

Прилозите за двете најголеми парламентарни партии честопати се оформени околу изјави или соопштенија за предизборни ветувања и меѓусебни обвинувања, со тоа што има и прилози во кои позитивно се врамуваат мерките најавени од ВМРО ДПМНЕ - На 27 септември - „Почиста животна средина и полн џеб - придобивки од субвенционираното вградување плин во автомобилите" (2 минути и 24 секунди), „Со 50 електрични автобуси до почисто Скопје и помалку респираторни заболувања" (2 минути и 45 секунди) и „Значителна заштита на животната средина и заштеди за граѓаните кои ќе купат електрични автомобили" (2 минути и 32 секунди). На 28 септември - „Со набавката на 50 електрични автобуси Скопје ќе биде лидер во регионот" (2 минути и 28 секунди) и „Владата обезбеди пари за субвенционирање при купување електрични автомобили и ставање плин во постарите коли" (2 минути и 23 секунди). На 30 октомври - „Прием на АМС на носителот на злато од ЕП во џиуџицу" (57 секунди) и „'Лукоил' најавува нови инвестиции во Македонија" (1 минута и 35 секунди).

На критиките, обвинувањата и ветувањата на СДСМ понекогаш одговараат надлежните општини, установи, министерства.

Позначајна временска застапеност имаат странските политичари, амбасадори, организации и сл., органите на државната управа/јавните претпријатија и Специјалното јавно обвинителство. Од другите политички партии се појавуваат Социјалистичката партија на Македонија, ЛДП, НСДП, независни пратенички, ДУИ и ГРОМ (најголемиот дел од нив во рамките на расправите во Собранието – за шестмесечниот извештај на СЈО, пратенички прашања, Предлог-буџетот за 2017 година).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:05:35 | 5,15 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:54 | 21,12 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:36 | 0,55 % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:16 | 1,17 % |
| СДСМ | 00:18:13 | 16,80 % |
| Други субјекти | 00:12:21 | 11,39 % |
| Влада на РМ | 00:19:49 | 18,28 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:14 | 4,83 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:46 | 4,40 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:18 | 0,28 % |
| Претседател на РМ | 00:02:43 | 2,51 % |
| Локална самоуправа | 00:03:28 | 3,20 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:04 | 3,75 % |
| ГДОМ | 00:01:05 | 1,00 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:03 | 1,89 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:00 | 0,92 % |
| Собрание на РМ | 00:00:29 | 0,45 % |
| Граѓански сектор | 00:01:54 | 1,75 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:37 | 0,57 % |
| | Вкупно = 01:48:25 | 100 % |

Кај директните обраќања, најзастапена е ВМРО ДПМНЕ, потоа Владата, СДСМ и *„другите субјекти"*.

Употребата на позитивен или негативен тон и рамка ја има и во претежно информативните и во претежно аналитичките жанрови. Во извештајот „Два дена се расправа без одговори - Катица Јанева со политички фрази пред пратениците" (22 септември, 6 минути и 57 секунди) во најавата од студиото се вели: „И денеска, наместо одговори – политички фрази од Обвинителството кое треба да го застапува правото и законот", потоа во комуникацијата со новинарката од теренот се вели: „...во утринската сесија преовладуваа политички одговори, како беше попладнево?"

На 24 септември се емитува коментар со негативен тон и рамка за СЈО и СДСМ, кој е најавен на следниов начин: „Во консултација со експерти Сител анализира – Катица Јанева го урна кредибилитетот на Специјалното јавно обвинителство, го урива државниот систем, не ја кажува вистината, се заканува со прислушувани разговори, си игра мајтап со граѓаните и ги троши нивните пари. Ако не се извини треба да си поднесе оставка бидејќи и онака, како што Заев свири – така Катица игра – согласни се експертите за однесувањето на специјалната јавна обвинителка". Во текот на прилогот (2 минути и 56 секунди) одат следниве телопи: „Сител експерти: Катица Јанева го урна кредибилитетот на Специјалното јавно обвинителство, го урива државниот систем", „Сител експерти: Јанева не ја кажува вистината, се заканува со прислушувани разговори", „Сител експерти: Јанева си игра мајтап со граѓаните и ги троши нивните пари", "Сител експерти: Ако не се извини, треба да си поднесе оставка". Во прилогот има разговор со професорот Александар Климовски и се чита статус од Фејсбук профилот на професорката Билјана Ванковска, кои имаат критички став кон обвинителката. Содржината на телопите, и на најавата, коишто им се припишуваат на експертите, не се цитати, ниту сублимати, на она што тие го велат.

Следува осврт, со негативен тон и рамка за СЈО и СДСМ најавен како „куса ретроспектива каков циркус направи Катица Јанева со Собранието и како и одговорија пратениците". Во него се менуваат следниве телопи - „Ретроспектива: Каков циркус направи Катица Јанева во Собранието и како и одговорија пратениците", „Ѓорчев: СЈО ќе работи со една цел, помалку од 62 пратеника за ВМРО за полесен пат за двојазичност на РМ", „Јанева одработува ВМРО да не добие 62 пратеника", „Јанева тврдеше дека нема разговори за Заев, а следниот ден рече дека и Заев е прислушуван", „Мукоски до Јанева: Би требало да се извините или да си дадете оставка", „Јанева нестручно одбива да поднесе сметка за своето работење", „Димовски: СЈО остана без кредибилитет, СДСМ ја изгуби последната надеж да се добере до власт", „Опозицијата ја бранеше нестручноста и барањата на Катица Јанева". Од вкупно 7 минути и 4 секунди, колку што трае освртот, 6 минути се делови од обраќањата на пратениците на ВМРО ДПМНЕ и неколку одговори на обвинителката, една минута се излагања на пратеници од НСДП и ЛДП.

Во истото издание на Дневникот, емитуван е неутрален осврт „Иванов беше брутално искрен пред светското семејство, смирен и аргументиран - сметаат експертите" (2 минути и 24 секунди).

На 26 септември, Дневникот (кој има скратено издание бидејќи претходно Телевизијата немала струја) почнува со уреднички коментар (1 минута и 44 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ: „Ќе почнеме со она што според мене, а и според јавноста, е еден од најважните настани последниве месеци, гледано од најава за нови програми, во случајов на Груевски и на ВМРО ДПМНЕ, а кој ќе имаат бенефит многу граѓани. Од ова ќе имаат бар 500 илјади, односно сите кои се директни корисници или сопственици на возила, моторни возила, на автомобили, а и оние скопјани кои користат градски превоз, а ги има многу". По ова се набројува кои категории граѓани каква поволност ќе имаат од тоа што „државата ќе субвенционира купување електрични возила", колку возилата би биле поевтини отколку она што досега би било „без овие програми на ВМРО ДПМНЕ".

Подоцна во истото издание на Дневникот има друг уреднички коментар кој му претходи на прилогот „Нови прислушувани разговори се објавуваат на Фејсбук протекуваат ли материјалите на Чаушот" (1 минута и 18 секунди) со негативна рамка за СДСМ: „Прислушкувани материјали. Долго време тие се една од главните алатки за добивање на избори на некои политички партии, знаете и самите кои, да не спомнувам и јас, што значи дека тие требаше да ги снема". Понатаму, и во коментарот и во извештајот кој следи, се изнесуваат и сопоставуваат информации од повеќе страни и извори релевантни за темата.

На 27 септември, во коментаторскиот извештај „Комисијата за слободен пристап до информации за СЈО: Трошењето јавни пари не може да биде тајна" (3 минути) неутрално се изнесуваат фактите во врска со Одлуката на Комисијата за слободен пристап до информации и обврската на Специјалното јавно обвинителство да информира за тоа како ги троши средствата од буџетот на институцијата, а потоа се дава негативна рамка: „Сител веќе објави дека со парите на СЈО се финансираат професори, адвокати и членови на „Шарената револуција" чија цел е да организираат протести и да влијаат на јавното мислење во корист на Јанева", како и: „Уште колку вакви експерти има ангажирано Катица Јанева и колку од нив можат да се видат во редовите на опозицијата СЈО не открива". При тоа, со фотографии се прикажани четворица од нив: универзитетскиот професор Светомир Шкариќ, адвокатот Александар Тортевски, универзитетскиот професор Димитар Апасиев и универзитетскиот професор Гордан Калајџиев (за двајца – Калајџиев и Тортевски – има и снимки, за првиот од неговото учество во „Шарената револуција", за вториот од настап на телевизија).

Истиот ден емитуван е и коментарот "Нови страници со нови приватни разговори „никнуваат" на Фејсбук - нема акција од институциите" (2 минути 32 секунди).

На 30 октомври, првите два прилога се однесуваат на донесената одлука од Привремената комисија за следење на медиумското претставување согласно која Агенцијата поведува постапки против ТВ Сител поради прекршување на член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик. Првиот е проследен со следниве телопи: „Уреднички коментар: АД ХОК тело: Зоран Трајчевски ја приватизира Агенцијата и работи на штета на медиумите", „Уреднички коментар: АД ХОК тело: Зоран Трајчевски ни се закануваˮ, „Уреднички коментар: АД ХОК тело: Зоран Трајчевски спроведува цензура", „Уреднички коментар: АД ХОК тело: Нема основа за казнување на Сител, но Трајчевски носи партиска одлука", и „Уреднички коментар: АД ХОК телото не знае по кој закон го казнува Сител" (2 минути и 13 секунди). Во следниот, поентите се пренесени преку следниве телопи: „Редакциски коментар: Зоран Трајчевски води лична хајка против Сител", „Редакциски коментар: Зоран Трајчевски измислува невистини за да го казни Сител", „Редакциски коментар: Зоран Трајчевски кривично ќе биде гонет од Сител" и „Редакциски коментар: Кривични пријави од Сител и за членовите на АД ХОК телото" (5 минути и 1 секунда). Во двата прилога се известува за Агенцијата со негативен тон и рамка при што, освен факти и изјави од настанот, се изнесуваат низа навреди, клевети и закани. Телевизијата, исто така, го покажува извештајот од мониторингот, при што без да ја информира својата публика за неговата содржина, одлучува директно потсмешливо да го коментира. За тоа издание на Дневникот во 19 часот и за Бизнис вестите, медиумот донел уредничка одлука сите прилози да се најавуваат со бројки, правејќи така, според зборовите на уредникот и водител „информативен спектакл".

***Други програми***

Во утринската програма *Ја сакам Македонија*, се емитува информативен блок наменет за контакт и дебата со гледачите на актуелни теми насловен *На дневен ред*. На 22 септември, во текот на ноќта се репризира емисијата која својата премиера ја имаше утрината на 21 септември каде темата е: „Двојазичност на цела територија. Албански за сите! Прво предлог па полека реалност. Практичност или додворување на албанските избирачи? Решение за едни или проблем за сите?"

Утрото на 22 септември, во новата емисија поставена е следнава тема: „Катица Јанева се појави во Собранието. Шест месеци од работата на СЈО пред пратениците. Снимено интервју пред граѓаните. Како сте задоволни од работата на СЈО? Треба ли да се продолжи работењето на СЈО од претходно договореното?". Оваа емисија е репризирана во текот на ноќта.

На 23 септември утрото, темата на новата емисија гласи: „Младите сакаат статус, добар живот и просперитет. Убава облека и средена канцеларија. Но, сакаат ли да бидат земјоделци или полесно е да ја напуштат државата? Преку проектот „Млад земјоделец" 124 млади добиле средства. Но, колку немаат ни помислено на таков вид заработка?". Репризата е во текот на ноќта на 24 септември.

Наредната емисија е на 27 септември, кога телефонскиот контакт со гледачите е на тема: „Судот прва цел на шарените бои. Нови протести во главниот град. Поддршка за СЈО или нови насилства по улиците? Има ли крај на демонстрациите?", која е репризно прикажана во вообичаениот ноќен термин.

Следната емисија има премиера утрото на 28 септември, и реприза во ноќните часови наредниот ден, а темата е: „Се појавија нови разговори на Фејсбук".

На 29 септември, гледачите ги изнесуваат своите мислења за прашањето „Дали очекувате повторно да имаме проблеми со донесување на новиот Буџет на РМ?", кои уште еднаш можат да се проследат во ноќната реприза.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот 22 септември – 1 октомври 2016 година, на ТВ Сител емитувани се неколку прилози во кои известувањето за редовни активности на државни органи и на државни институции е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Дневник во 19 часот 22.09.2016***

19:14:19 – 19:16:22 „2500 медицински лица досега биле на доедукација во врвни странски болници" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за текот, придобивките, додадената вредност и идниот тек на владините проекти во сферата на здравството.

19:18:03 – 19:19:48 „Јавна расправа за мерките за финансирање на спортот. Поддршка од спортските организации" – јавната расправа ја организира Агенцијата за млади и спорт (има и изјава од директорот Марјан Спасески). Во најавата се вели дека тоа се мерки предложени од ВМРО ДПМНЕ, кои добиле поддршка од највлијателните спортски организации, а во прилогот се наведува дека спортистите и спортските организации изразиле задоволство од мерките предложени од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски (1 минута и 45 секунди).

19:31:39 – 19:33:30 „Годинава 142 корисници на мерката млад земјоделец" - Никола Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, говори за мерката, а во прилогот се вели дека тоа е едно од ветувањата на владејачката партија од изборите 2014.

***Дневник во 19 часот 23.09.2016***

19:29:42 – 19:30:20 – „СДСМ предлага две мерки за ветеринарните друштва" – во најавата се вели дека ова е активност на СДСМ, тоа стои и на телопот, но Љупчо Николовски, кој ја дава изјавата, е идентификуван како дополнителен заменик-министер за земјоделство од СДСМ. Освен нова мерка, Николовски потсетува дека осум години не е извршено прилагодување и коригирање на цените на ветеринарните друштва.

***Дневник во 19 часот 24.09.2016***

19:03:06 – 19:05:31 „Груевски отвори тениски терени во Куманово" – во присуство на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски и на директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески, претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за исполнување на ветените проекти во Куманово – што досега е направено и што и кога ќе се прави во сферата на спортот, како и за планираното отворање детски градинки.

19:05:31 – 19:07:23 „Груевски: Годинава изградба на ургентен центар во Куманово" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ зборува за проектите од областа на здравството во Куманово, за тоа дека се завршени процедурите

за ургентен центар, кога треба да почне изградбата на ветениот центар, за тоа дека Министерството за здравство објавило тендер за набавка на три мамографи и колкави средства се за тоа издвоени во Буџетот. Присутен е министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски.

19:07:23 - 19:09:01 „Градоначалникот на Куманово ги кочи проектите за изградба на канализација во Романовце и водовод во Пчиња" - Никола Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, објаснува дека се договориле со министерот за транспорт и врски „во новата програма да ги предвидиме овие средства на начин со којшто ќе се трудиме да го заобиколиме градоначалникот и преку некоја друга институционална можност да бараме начин да се инвестира во канализација во Романовце и водовод во Пчиња".

***Дневник во 19 часот 25.09.2016***

19:16:00 – 19:18:08 „ОУ „Св. Кирил и Методиј" за прв пат ќе добие спортска сала" - Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, заедно со заменик - министерот за образование Спиро Ристовски, во посета на ОУ „Св. Кирил и Методиј", каде што во тек е изградба на спортска сала. Во прилогот активностите на власта во сферата на спортот се поврзуваат со изборните ветувања на партијата.

19:18:08 – 19:19:25 „За неполни три месеци 1500 работни места преку „Македонија вработува" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за резултатите и иднината на овој проект на Владата и го поврзува со својата партија.

***Дневник во 19 часот 29.09.2016***

19:15:28 – 19:17:11 „Студентите месечно заштедуваат над 400 илјади евра со бесплатниот градски превоз" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за спроведувањето на владината мерка ветена од партијата. Прилогот потсетува и на други мерки ветени за младите.

19:18:30 – 19:19:38 „Груевски: Ноемвриските пензии ќе бидат зголемени за 5%" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски најавува дека во декември ќе бидат исплатени зголемени пензии.

***Дневник во 19 часот 30.09.2016***

19:41:18 19:42:05 „Од следната недела стартуваат мерки за кредитирање на малото стопанство и вработувања" - Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ најавува владини мерки.

***Дневник во 19 часот 1.10.2016***

19:07:16 – 19:08:03 „Груевски е задоволен што почна да се реализира проектот, кој од порано бил предвиден во партиската програма" – се врши поврзување на владина мерка со партија.

***Сектор за програмски работи***